# „Објавен ми е ајет што ми е подрагоцен од целиот свет и сѐ што е на него.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Кога беше објавен ајетот: „Ние ќе ти дадеме да победиш со јасна победа..." до Неговите зборови: „...а тоа кај Аллах е голем успех.“ (Ел-Фетх, 1–5) – тоа беше при враќањето од Худејбија, кога муслиманите беа обземени од тага и разочараност, а Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, веќе го беше заклал курбанот таму, во Худејбија. Тогаш рече: „Објавен ми е ајет што ми е подрагоцен од целиот свет и сѐ што е на него.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Кога му беа објавени на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, следниве ајети: ,,Ние ќе ти дадеме да победиш со јасна победа, за Аллах да ти ги прости претходните и подоцнежните гревови, благодатта Своја кон тебе потполна да ја направи, на Вистинскиот пат да те упати и Аллах со моќна помош да ти помогне. Тој влева смиреност во срцата на верниците за верувањето свое уште повеќе да го зголемат, а војските на небесата и на Земјата се Аллахови; Аллах сѐ знае и Мудар е - за да ги воведе верниците и верничките во џенетските градини низ кои реки течат, во кои вечно ќе престојуваат, и за да ги прекрие нивните лоши дела – а тоа кај Аллах е голем успех." (Ел-Фетх, 1-5) – тоа беше при неговото враќање од Худејбија, кога асхабите беа растажени и обесхрабрени, бидејќи не им беше дозволено да ја извршат умрата поради договорот што беше склучен, за кој мислеа дека не е во корист на муслиманите. Курбаните веќе беа заклани во месноста Худејбија. Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Објавен ми е ајет што ми е подрагоцен од целиот дуњалук и сѐ што е од него.“ – па ги рецитираше овие ајети.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee